Врз основа на член 112 став 2 од Законот за јавните набавки (“Службен весник на РМ”24/2019) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа (“Службен весник на РМ”бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), министерот за правда м-р Бојан Маричиќ донесе

Република Македонија
Republika e Maqedonisë
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 05-2214/5
08-10-2021 20
Скопје/Shkup

**О Д Л У К А**

**за избор на најповолен понудувач во поедноставена отворена постапка за набавка на услуги објавена со оглас број 13861/2021**

1. За најповолен понудувач за **набавка на услуги – Набавка на услуги од маркетинг агенција за изработка на кампања за медијација, се избра за:**

**„ Дел 1 - Концепт, идејно решение и продукција на основни елементи на кампањата - Друштво за маркетинг услуги ВАЈКРИЕЈТИВ ДОО Скопје**

**Дел 2 - Осмислување и изработка на промотивни видео-спотови за медијација - Друштво за маркетинг услуги ВАЈКРИЕЈТИВ ДОО Скопје**

**Дел 3 – Поставување банера за медијација на портали - Друштво за маркетинг услуги ВАЈКРИЕЈТИВ ДОО Скопје**

**Дел 4 - Идејно решение, осмислување и креирање на веб-страница за промовирање на „Медијацијата“ - Друштво за маркетинг услуги ВАЈКРИЕЈТИВ ДОО Скопје**

**Дел 5 - Промотивен настан за лансирање на кампањата, ПР стратегија и промоција на веб страницата, содржината на страницата и видеото - Друштво за маркетинг услуги ВАЈКРИЕЈТИВ ДОО Скопје “**

2. Се задолжува Секторот за општи работи да ја спроведе оваа Одлука.
3. Одлуката влегува во сила од денот на донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишен план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 21.01.2021 година и измената на Годишен план за јавни набавки бр. 05-270/2 од 22.06.2021 година, Комисијата за јавните набавки при Министерството за правда спроведе поедноставена отворена постапка за набавка на услуги –

**Набавка на услуги од маркетинг агенција за изработка на кампања за медијација**.

Министерството за правда врз основа на спроведената поедноставена отворена постапка за набавка на услуги, согласно член 49 од Законот за јавните набавки, по разгледување на доставените 3 (три) понуди од страна на 3 (тројца) економски оператори преку ЕСЈН, каде за дел 1 беа поднесени 3 понуди, за дел 2 беа поднесени 3 понуди, за Дел 3 беа поднесени 3 понуди, за дел 4 беа поднесени 2 понуди и за за дел 5 беа поднесени 2 понуди, а согласно член 112 од ЗЈН одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Одлучено во Министерството за правда по спроведена поедноставена отворена постапка за набавка на услуги објавена со оглас број 13861/2021.

**Правна поука: Против Одлуката за избрана најповолна понуда може да се поднесе жалба во рок од 5 дена од денот на приемот на одлуката преку ЕСЈН до Државната комисија за жалби по јавни набавки на Република Северна Македонија**

**Министер за правда**
**м-р Бојан Маричиќ**

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за општи работи

Согласно извештајот од Комисијата за јавни набавки
Подготвила: м-р Марина Миновска, раководител на одделение
Одобрила: Убавка Матевска, раководител на сектор